UDK 902

ISSN 0350-0179 (print)
ISSN 2545-4358 (online)

BALCANOSLAVICA

47

2018

vol. 47

Issue 1

BALCANOSLAVICA VOLUME 47, ISSUE 1, pag. 1-293, PRILEP, 2018

ПРЕДЕЊЕТО И ПРЕДИЛКИТЕ ВО БАЛКАНСКИТЕ НАРОДНИ КУЛТУРИ И НЕКОИ ПАРАЛЕЛИ СО ЕВРОПСКИТЕ КУЛТУРИ

Весна ПЕТРЕСКА
Институт за фолклор „Марко Цепенков“
УКИМ - Скопје
vesnapetreska@hotmail.com

прегледен научен труд
прифатен: 07.05.2018
УДК 398.3 : 677 (497:4)

Апстракт: *Во трудот се разгледува мотивот „предење“ во различни сфери од балканските народни култури, но се прават и обиди според достапните податоци, тој да се согледа и во европските култури. Предењето на кое се надоврзува волната, текстилот, ткаењето, конецот, влакното, се разгледува во семејниот циклус, но и во годишниот циклус обичаи. Врз основа на анализирање на мотивот предење кога тој се појавува, како и различните забрани сврзани со предењето, кои се појавуваат главно во календарот, и казните кон прекршителите, главно од митолошки женски суштества, применувајќи ја претежно симболичката анализа ќе се настојува да се покаже дека овој мотив е доста рашиространет во (преодни) пресвртливи периоди и е сврзан со плодоносниот принцип.*

Клучни зборови: *предење, женски митолошки суштества, народен календар, волна, вретено, влакно.*

Мотивот „предење“ е доста распространет како во балканските, така и во европските култури. Предењето во балканските, но и во европските култури им е доверено на определени женски митолошки суштества, што е и разбирливо, бидејќи предењето но и ткаењето и сите атрибути поврзани со нив се во женски домен. Преку нив се создава ткаенината, која е и самиот живот, а вкрстувањето на конците за да се добие таа е, всушност, полно соединување[1].

Припаѓањето на предењето во женски домен, можеме да го видиме во обредните постапки на заучување на женските деца околу подготвувањето на облеката, кое најчесто било околу 9-10 годишна возраст, и скоро секогаш првото почетничко плетиво или везило се фрлало во вода (во река, во јаз или бразда со вода, во бука на воденица) за да му оди везот на девојчето како по вода, или во оган – за да се силела работата како огнот. Можат да се споменат верувањата дека заучувањето скоро секогаш се врзува за преломни периоди, било во текот на денот или, пак, во календарот, на пример, во врска со месечевите мени, тоа да е на „новина“ – кога расте месецот, кога е полна месечина за да била полна работата, што се врзани и со имитативната магија. Работата требала да се прекине пред зајдувањето на сонцето. Исто така, заучувањето било во „пожелните“ денови – понеделник, среда и

1 Gabriella Schubert, “Konac, vrpce i tkanina kao magijska sredstva narodne medicine u Jugoistočnoj Evropi”, *Македонски фолклор*, год. XVII, бр. 33, (1984): 136.

четврток. Во врска со календарот се внимавало тоа да е на Игнат -2.01 (н.к.) – „кога се дигал денот, за да се дигала и растела работата“[2].

Периодот на влегување на девојчето во девојчинство, кога веројатно го добива и нејзиниот менструален циклус, може да се каже дека бил посебна етапа од животот на женското дете, зашто претставува негово вклучување во активностите на возрасните, односно еден вид социјализација – влегување во општеството како негов активен член. Во многу места на Македонија, но и во други балкански простори (Македонија, Бугарија, Србија), речиси до средината на XX век, учењето на плетачките и везачките техники се практикувало во специјално направени примитивни објекти или на специјално избрани места за таа цел, како на пример, во куќарици, земници, на буниште или во дворот од некоја куќа, но секогаш „на припек“ – место изложено на сонце[3]. Досегашните анализи упатуваат на обредно-магиските (иницијациски) функции на овие објекти кои најверојатно се наслоиле врз обичајот на дистанцирање на жените од социјалната заедница за време на менструалниот циклус. На оваа врска, особено упатуваат горенаведените обредни постапки на почнувањето на учењето да е во врска со месечевите фази, што е многу индикативно во контекст на изедначување на месечевиот и менструалниот циклус[4]. Иницијациската функција произлегува, покрај со издвојувањето на девојките во посебни објекти, и од самото совладување на текстилните дејности, со што тие се воведуваат во редот на возрасните, спремни за мажење. На врската на совладувањето на текстилните дејности и бракот, упатуваат и кажувањата дека девојка што не ги совладала нив, не е спремна за мажење, како и во фолклорот за мрзливите девојки[5]. Оваа врска е засилена и преку објектите – „колибите“, кои се уништувале во пролет, најчесто спроти празникот Прочка[6]. На оваа врска можеме да ја споменеме и приказната „Заспаната убавица“ од Шарл Перо, како и варијантата на браќата Грим. Имено, девојчето на денот на раѓањето е проколнато од 13 самовила, да се прободе на вретено и да умре. Но, друга самовила успева да ја ублажи казната, односно девојчето да заспие во стогодишен сон, и да се разбуди кога ќе ја пронајде принцот. И покрај напорите на родителите да ја заштитат, таа во периодот на задевојчување се боцнува од вретено, за по определен период, кога таа е во фаза на девојка, спремна за мажење, да ја спаси принцот.

Покрај врската на предењето и текстилните производи со брачната симболика и, воопшто, со плодоносниот принцип, исто така се смета дека предењето ја манифестира и женската продуктивност, која била обезбедувач на конецот на животот, обезбедувач на облека, што била една од најзначајните ознаки на цивилизавцијата со која на женската продуктивност ѝ се оддава признание за дистинкцијата природа/култура[7]. На овој начин може да се гледа и трансформацијата на девојката од сферите на дивата природа, кон социјалното, општественото и културата.

2 Ѓорѓи Здравев, *Македонски народни носии*, I (Скопје: Матица Македонска, 1996), 174-175; Весна Петреска, „Мотивот предење во балканските народни култури со посебен осврт на македонската народна култура“, *Фолклористика* 2/1 (2017): 63-64, https://doi.org./10.18485/folk.2017.2.1.4.

3 Гърче Петровъ, *Матеріали по изучванието на Македония* (София: Печатница Вълков, 1896), 525; Звезда Новевска, „’Куќариците’ во Скопска Црна Гора“, *Македонски фолклор*, 15-16, (1975): 347-352; Здравев, *Народни носии*, 176.

4 Никос Чаусидис, „Балканске ‘кућарице’ и неолитски керамички жртвеници у облику куће“, *Етно-културолошки зборник*, књ. XIII, Сврљиг, (2009): 58; Никос Чаусидис, „Предилката со зоо-антропоморфни и демонски обележја во словенските митски традиции“, *Studia Mythologica Slavica*, XV, (2012): 108.

5 Здравев, *Народни носии*, 177.

6 Петреска, „Мотивот предење“, 65.

7 Jack Zipes, “Spinning with fate: Rumpelstiltskin and the decline of female productivity”, *Western folklore,* vol. 52, January, no. 1, published by the California Folklore Society, (1993): 50-53.

На дистинкцијата природа/култура и предењето може да се земе и определувањето на судбината на детето на третата вечер од наречниците[8], но и преку облекувањето на детето оваа вечер, со кошула, капа и чорапи. Троделното облекување (глава, гради, нозе) уште повеќе ја зајакнува дистинкцијата природа/култура, бидејќи и наречниците се облечени, но по правило едноделно – во бели фустани[9].

Верувањето во вакви митолошки суштества е многу старо и познато кај сите индоевропски народи. Да се споменат само грчките Мојри или римските Парки[10], кои се замислувале како три жени кои ја пределе животната судбина. Натприродни суштества што носат хтонски особини на божици на плодност и се придружени со предење, се познати на широк простор од Централна и Источна Европа[11] се сретнуваат, исто така и кај балканските народи[12]. Натприродни суштества што биле добри предилки и ја предвидуваат иднината биле познати и во европскиот фолклор. Се сретнувале во Финска, Германија. Во Франција биле запишани кажувања на почетокот на 19 век, за наречници (fades) и добри предилки (bonnes filandières) кои на полноќ одат со вретено во раце и ја предвидуваат иднината[13]. На предењето на животната судбина, многу потсетува верувањето што постои во Охридско (Македонија) дека наречниците како три жени, седат пред огништето и ја предат нитката на животот: првата предела фурка, втората со раката кажувала, а третата в раце држела ножици, а по извршеното наречување го пресекувала конецот што го предела првата наречница[14]. Во врска со предењето и раѓањето, во европскиот фолклор, може да се спомене верувањето во Германија дека во текот на шест недели, родилката не предела волна, коноп или лен, за да не ѝ било „обесено" детето. Во Австрија било запишано верување дека родилката шест недели по породувањето не предела, бидејќи во тој период и Дева Марија не предела[15].

Но, наречниците кои го предат конецот на животот, се претставници и на магијата со врзување-одврзување на магични конци[16], што е многу распространета во семејниот и календарскиот обреден циклус. Особено би го споменала врзувањето на болеста[17], кога

8 Весна Петреска, *Категориите близина и дистанца: Етнолошко-антрополошко истражување на народната култура.* Посебни изданија, кн. 72 (Скопје: Институт за фолклор „Марко Цепенков" – Скопје, 2008), 114-128.

9 Види повеќе: Љубинко Раденковић, „Митолошка бића везана за рођење детета" *Етно-културолошки зборник,* књ. 1, Сврљиг, (1995): 38.

10 Shubert „Konac, vrpce", 89-95; Драгослав Срејовић и Александра Цермановић, *Речник грчке и римске митологије* (Београд: СКЗ, 1979): s.v. Мојра, Мојре.

11 Éva Pócs, *Between the Living and the Dead. A Perspective on Witches and Seers in the Early Modern Age.* Trans. Sz. Rédey and M. Webb. (Budapest: Central European University Press, 1999), 52.

12 Раденковић, „Митолошка", 36-37; Зечевић, Слободан. *Митска бића српских предања* (Београд: „Вук Караџић", Етнографски музеј, 1981), 81-82; Shubert, „Konac, vrpce", 90; Веселин Чајкановић, *Сабрана дела из српске религије и митологије,* књ. 5, *Стара српска религија и митологија.* Приредио Војислав Ђурић. (Београд: СКЗ, БИГЗ, 1994), 247-256; Димитър Мариновъ, *Народна вяра и народни религиозни обичаи.* СБНУ, XXVIII, (София: БАН, 1914), 170-173; Евегения Мицева, *Невидими нощни гости* (София: „Наука и искуство", 1994), 10-12.

13 Mirjam Mencej, *Sem vso noč lutal v krogu: simbolika krožnega gibanja v evropski tradicijski kulturi* (Ljubljana: Založba ZRC, SRC SAZU; Znanstvena založba Filozofske fakultete Univerze v Ljubljani, 2013), 39.

14 Кузман А. Шапкарев, *Избрани дела,* V. Приредил Томе Саздов, (Скопје: Мисла, 1976), 211-214; Танас Вражиновски, *Народна демонологија на Македонците* (Прилеп-Скопје: Институт за старословенска култура-Матица Македонска, 1995), 52.

15 Mencej, *Sem vso,* 85.

16 Matić, Vojin. *Psihoanaliza mitske prošlosti,* II (Beograd: Prosveta, 1977), 85-115; posebno 99-100; Kembel Džin Kuper, *Ilustrovana enciklopedija tradicionalnih simbola* (Beograd-Ljubljana: Prosveta-Nolit, 1986), s.v. čvor; Jean Chevalier i Alain Gheerbrant, *Rječnik simbola. Motivi, sni, običaji, geste, oblici, likovi, boje, brojevi* (Zagreb: Nakladni zavod MH, 1983), s.v. čvor, tkanje, vreteno, nit.

17 Shubert, „Konac, vrpce", 143-146.

баснарката, бајачката може болеста да ја пренесе врз некој дел од облеката на болниот, и секогаш на места за кои, според народното верување, се во допир со оностраното, на пример, крпчето заедно со болеста се заврзува на шип, и така болниот „се ослободува од неа“[18]. Врската на врзувањето, со двата света е уште повеќе зајакната со врзување јазли од „пусти ништи“ (дел од ткаенина што не е довршен) од некоја жена што е умрена, изговарајќи определена магиска формула[19]. Во овој ред би можеле да се споменат, исто така и опашувањето на конци или, пак, различните текстилни производи околу некои култни објекти или предмети, кои после изведувањето на обредот, конците или текстилните производи ги опашувале лицата на себе, за кои и се изведувале обредните дејствија. Најчесто ова се применувало, кога во прашање била неплодност[20]. На врската на предењето, ткаењето, како и предилките со двата света, особено упатува ткаењето на „чумино платно“, кое се изведувало кога целата селска заедница била доведена во опасност, најчесто поради некоја заразна болест. Ткаењето го изведувале три жени вдовици во „глуво доба“. Најпрво, трите вдовици, голи, го пределе конецот околу селото, во глуво доба, а потоа се собирале во некоја куќа и го ткаеле платното, исто така во глуво доба[21]. Врската со „оној свет“ станувала позасилена, кога изработката на „чуминото платно“, била од лен, кој се врзува за оностраното. Ленот умира како растение, потоа повторно се раѓа, преобразувајќи се со комплекс културни дејствија во продукт на културата и се јавува во улога на посредник помеѓу светот на луѓето и светот на демоните[22]. Поврзаноста на предењето и продуктите од предењето со двата света, можеме да го видиме и при обредите при смртта. Во европскиот фолклор при смртен случај се забранувало предење додека мртовецот не го изнесат од дома или, пак, во периодот од 40 дена, и на празниците за мртвите[23], додека кај нас би можеле да го спомениме земањето мерка на мртовецот со конец за изработка на сандак. Се забележува дека во животниот циклус, предењето е забрането во 40-те дена при раѓањето и при смртта, и на празниците поврзани со смртта. Според индоевропските традициски верувања, душата по смртта заминува во „другиот свет“ по 40 дена, исто како што е и во породилните обичаи. На предењето и во животниот циклус наидуваме во периоди кои се на премин. Тоа се периоди во кои границите меѓу световите се отворени и во кои

18 Vesna Petreska, “The Secret Knowledge of Folk healers in Macedonian Traditional Culture”, *Folklorica,* Journal of the Slavic and East European Folklore association (Formerly SEEFA Journal), vol. XIII, Printing and Distribution: University of Alberta, (2008): 39-40.

19 Марко Цепенков, *Македонски народни умотворби во девет книги,* кн. 9. (Скопје: Македонска книга, Институт за фолклор, 1972), 287.

20 Бранислава Пауновска-Стевчевска, Етномедицинското значење на два религиозни летни празника во Македонија, *Македонски фолклор,* 19-20, (1977): 185; Владимир Караџоски, „Исцелителската моќ на Говедаровиот Камен“, *Етно-културолошки зборник,* књ. VII, Сврљиг, (2001/2002): 85-86; Танас Вражиновски, *Народна митологија на Македонците*, I, II. (Прилеп-Скопје: Институт за стародословенска култура, Матица Македонска, 1998), 136-143; Весна Петреска, *Систем на сродство кај Македонците.* Посебни изданија, кн. 59 (Скопје: Институт за фолклор „Марко Цепенков“, 2005), 128-129.

21 Vesna Petreska, “Day and night in the beliefs and ritual practices of the female folk healers / wizards”, 67-82, in: *Slavica* Collana di studi slavi diretta da Giovanna Brogi Bercoff e Mario Enrietti, *Il SoleLuna presso gli slavi meridionali,* I, a cura di Ljiljana Banjanin Persida Lazarević Di Giacomo Sanja Roić Svetlana Šeatović. Volume pubblicato con il contributo di: – Dipartimento di Lingue, Letterature e Culture Moderne dell’Università degli Studi «G. d’Annunzio» Chieti-Pescara (Fondo di Ricerca d’Ateneo) – Dipartimento di Lingue e Letterature Straniere e Culture Moderne dell’Università degli Studi di Torino (Fondo per la Ricerca Locale) – Ministero dell’Istruzione, dell’Università e della Ricerca., Edizioni dell’Orso Alessandria.© 2017 Copyright by Edizioni dell’Orso s.r.l (2017): 71.

22 В.Усачева, „Лен“ во: *Славянские древности. Этнолингвистический словарь.* (Ред.) Никита Толстой. (Москва: Международные отношения, 1995): 91-96; Љубинко Раденковић, „О значењу једног сакралног текста о конопљу или лану код словенских и балканских народа“ *Научни састанак слависта у Вукове дане, МСЦ,* 11/2, (Београд, 1982):215.

23 Mencej, *Sem vso*, 85.

комуникацијата е можна и непопречена[24].

На врската со двата света може да се споменат верувањата кои упатуваат на прекинување на работата во вечерните часови, што е време на работа на натприродните суштества на кои им е доверено предењето, а прекршителите и мрзливите ги казнуваат, па оттаму и потсмешливите изрази за мрзливите во Русија: *„Засиј: кикимора би предела и твојата мајка ткаела место тебе“*[25]. Предењето и производите добиени со предење, во европските верувања конотираат на преминување од оној во овој свет[26]. Појавата на натприродни суштества во вечерните часови, кое е нивно време за работа, е убаво илустрирано во едно кажување од Мариово за некоја жена која ткаела ноќно време на разбој и кога ѝ дошла „некоја“ и ја прашала: *„Мори до кога ти ќе работиш ние кога ќе работиме?“*[27]. Дека предењето но, и воопшто, работите поврзани со текстилот, можат да се доведат со двата света, и дека се во врска и со создавачкиот, т.е. плодоносниот принцип говори и едно верување во Полска дека при ваква работа било важно постојано да се зборува или да се пее, односно да се избегне тишината[28]. Ова е во согласност со гласот, звукот и тишината како припадници на овој и оној свет. Врската што конецот ја има при преминот меѓу двата света, во европскиот фолклор ја гледаме преку тесен мост колку конец[29], во јужнословенскиот фолклор, душите на мртвите преминуваат преку мост колку влакно[30]. На ова упатуваат и народните толкувања на сонови, во врска со совладување на тесен мост, под кој има длабока вода[31].

Предењето, исто така се сретнува и во календарот, и тоа претежно во оние временски периоди кои, главно, се сврзани со премин од еден во друг временски период. Карактеристика на пресвртливите периоди, кои спаѓаат во преодните обреди[32] било во природата или во културата е нивната неопределеност и преминување на одредени општествено детерминирани граници кои лежат во сферата на опасното и обилуваат со табуи. Големо внимание на преодните или лиминалните периоди има посветено В. Тарнер[33]. Во лиминалната фаза, покрај појавата на изразита двозначност и непостојаност на значења, карактеристична е и појавата на демонски и чудни ликови кои претставуваат амбигвитентност и инкоегзистенција[34]. Како најилустративен пример можеме да ги земеме обредите со маски, или маскираните обредни поворки. Најголем дел од овие обичаи е сконцентриран околу зимскиот обреден циклус, кој според народната поделба на времето, го одбележува преминот од старата во новата година, односно преминување од зимскиот кон летниот солстициум, иако овие обреди во определени средини се протегаат и во пролетниот обреден циклус. Игрите под маски се познати на скоро сите балкански народи, со различни имиња, но по својата содржина, форма и начин на изведување,

24 Mencej, *Sem vso,* 85.

25 Mencej, *Sem vso,* 39.

26 Mencej, *Sem vso,* 153-155.

27 Петреска, *Категориите,*89-90.

28 Според усни кажувања на проф. Јоана Ренкас од Институтот за словенска филологија при Универитетот „Адам Мицкјевич“ – Познањ-Полска.

29 Mencej, *Sem vso,*155-156.

30 Mencej, *Sem vso,* 156.

31 Весна Петреска, *Етнографија на современиот семеен живот во македонското семејство. Традициски и нови културни модели во обредноста и семејниот живот.* Посебни изданија, кн. 70 (Скопје: Институт за фолклор „Марко Цепенков“, 2008), 138, 160.

32 Да се види: Arnold Van-Gennep, *Rites de passage.* (Paris: Picard, 1981).

33 Виктор Тарнер, „Варијације на тему лиминалности“ *Градина.* Књижевност, уметност, култура, год. XXI, бр. 10, Ниш, (1986): 40-56; Виктор Тэрнер, *Символ и ритуал.* (Москва: Издательство „Наука“, 1983).

34 Тарнер, „Варијације“, 40-41; Тэрнер, *Символ,* 169.

скоро сите се идентични. Најприсутни сцени што се изведуваат се свадба, смрт, раѓање на дете, симболично орање со рало и ласцивни сцени со непристојни дијалози[35]. Еден од најзначајните ликови е невестата – баба, а како едни од задолжителните реквизити на бабата или невестата, биле фурката, вретеното и плетилото, со кои за време на играта импровизира предење и воедно ги тепала синовите и дедото[36]. Принципот на плодност, покрај преку вретеното, е изразен и преку ликовите баба и дедо. Преку староста на овие ликови се потенцира сексуалната долговечност и неограничена плодност. С. Зечевиќ ги доведува во врска со „примарна божествена двојка"[37]. Според Нидерле, предците кај Словените биле претставувани како старчиња, па оттука и нивното место во словенската обредност[38].

Во игрите со маски, врската со предењето може да се согледа и посредно преку некои териоморфни маскирања, за кои се смета дека во неолитските култури преоѓаат во антропоморфни, и за сите нив е карактеристично што се сврзани со култот и магијата за плодност[39]. На врската на териоморфно и антропоморфно можеби многу одговара ликот на мечката, кој се сретнува во маскирањата во многу балкански и словенски култури[40]. Оваа врска ја гледаме: во етиолошките легенди, за нејзиното потекло од мелничар или, пак, дека настанала од човек, кој со нозе месел леб[41]; во различните верувања дека доколку ѝ се извади кожата е иста како човек[42], дека ги принудува девојките/жените на сожителство (Русија, Ерменија, Полска, Србија, Босна, Херцеговина, Црна Гора) и при тоа им ги лиже стапалата за да не можат да избегаат[43]; или во табуата врзани за правењето опинци или обувки, итн. Можеме да го доловиме симболизмот на мечката во врска со оплодителниот

35 Да се види: Петреска, „Мотивот предење", 68, и таму наведена литература.

36 Весна Петреска, „Џамаларскиот обред разгледуван како обред на премин" во *Обичаи со маски. Зборник на трудови од Меѓународниот симпозиум „Обичаи со маски", Вевчани-Струга* 1996, (Скопје: Музеј на Македонија, 1998), 31; Ѓорѓи Здравев и Танас Вражиновски, „Костимирањето и маскирањето во зимските обредни игри во Македонија" во *Обичаи со маски. Зборник на трудови од Меѓународниот симпозиум „Обичаи со маски",* Вевчани-Струга 1996, (Скопје: Музеј на Македонија, 1998), 64,66; Румяна Данова, „Кукерски игри и маски" во *Обичаи со маски. Зборник на трудови од Меѓународниот симпозиум „Обичаи со маски"*, Вевчани-Струга 1996 (Скопје: Музеј на Македонија, 1998), 124; Евгения Гръначарова, „Джамаларските игри в контекста на Българските народни вярвания" во *Обичаи со маски. Зборник на трудови од Меѓународниот симпозиум „Обичаи со маски"*, Вевчани-Струга 1996 (Скопје: Музеј на Македонија, 1998), 132.

37 Здравев и Вражиновски, „Костимирањето", 66.

38 Здравев и Вражиновски, „Костимирањето", 66.

39 Драгослав Антонијевић, „Игре под маскама у светлу компарације и континуитета", *Гласник Етнографског музеја* 54-55, (1991): 173.

40 Љупчо Ристески, „Регулативните функции на обредите со маски во традицијата на Македонците" во *Обичаи со маски. Зборник на трудови од Меѓународниот симпозиум „Обичаи со маски", Вевчани-Струга* 1996, (Скопје: Музеј на Македонија, 1998), 47; Здравев и Вражиновски, „Костимирањето", 65; Eva Pančuhová, "Masks in Slovak customs" in *Обичаи со маски. Зборник на трудови од Меѓународниот симпозиум „Обичаи со маски", Вевчани-Струга* 1996, (Скопје: Музеј на Македонија, 1998), 94; Vesna Marjanović, "Masks and ritual processions in traditional culture of Vojvodina" in *Обичаи со маски. Зборник на трудови од Меѓународниот симпозиум „Обичаи со маски", Вевчани-Струга* 1996, (Скопје: Музеј на Македонија, 1998),104.

41 Иван Ковачевић, *Семиологија мита и ритуала, I, Традиција* (Београд: Српски генеалошки центар, 2001), 23; Вражиновски, *Митологија,* кн.1, 123.

42 Александр Гура, *Символика животных в славянской народной традиции* (Москва: Индрик, 1997), 86, 162; Тихомир Ђорђевић, *Природа у веровању и предању нашега народа.* Српски Етнографски Зборник, књ. LXXI, Одељење друштвених наука, Живот и обичаји народни, књ. 32, (Београд: Српска Академија наука, 1958), 256-257.

43 Гура, *Символика*, 86, 162; Ђорђевић, *Природа*, кн. 1, 256-257.

принцип, но, исто така и дека таа се наоѓа помеѓу човекот и природата[44], што би значело дека мечката се наоѓа на граница меѓу природата и културата. Во врска со оплодителниот принцип на симболиката на мечката, може да се земе и самото месење на обредниот леб бидејќи, сепак, месењето спаѓа во женски домен, а сите работи што припаѓаат во женски домен, на пр. предење, ткаење, месење се доведуваат во врска со женските божества на плодност. Во делови на Бугарија и Србија, за празникот Св. Андреј (покровител на мечките), за 1 март (ден на кој се сметало дека мечките се будат од зимскиот сон), или во текот на сите мартовски саботи, покрај други табуа, биле особено нагласени забраните за работа со текстил (предење, ткаење, крпење, шиење, плетење и др.), сè со цел добитокот да се заштити од напад на мечка. На плодоносниот принцип може да се земат и преданијата за мечката кај Србите, дека таа грабнува девојка, и за да ја спречи девојката да избега ѝ ги лиже стапалата на нозете[45]. Психоаналитичарите во стапалото гледаат симбол на полност или само симбол на сексуални желби[46], на што можеби асоцираат забраната на правење опинци или секаков вид обувки на празникот св. Андреја кај Србите[47]. Двојната природа на мечката, истовремено припаѓајќи и на овоземното и на оноземното, или и на културата и на природата, е карактеристична за плодоносната функција, за повторното создавање. Затоа, и симболизмот на мечката во различни култури и цивилизации е многуброен[48]. Во рамките на словенските традиции, мечката е едно од најсветите животни, при што таквиот карактер е нагласен до степен на обоготвореност, т.е. идентификација со божество[49]. На релацијата природа/култура можеме да ја земеме дивата природа на животното, кое припаѓа на дивите животни, нејзиното место на живеење е во шума, планина, пештери, верувањата за врската на мечката и водата – дека таа се бања во реките напролет, најчесто на Благовец, па оттогаш до Голема Богородица 28.09. се смета дека водата е добра за капење[50]. Сето тоа укажува на демонското, на подземното, но и мечкиното излегување од пештерите напролет, јасно асоцира на умирањето и повторното раѓање. На поврзаноста со дивото, асоцира и доследното почитување на некои забрани, пред сè, оние во врска со предење за време на празниците посветени на мечката кај некои јужнословенски народи на пр. св. Андреја (Македонци, Срби, Бугари) или Мечкин ден, св. Сава, св. Прокопие кај Србите[51]. Ако на ова се додаде дека и во периодот на дванаесетте денови, или некрстените денови, кога и најмногу се одржуваат маскираните поворки, па сè до развлекувањето на овие празници до пролетниот циклус во други европски земји, каде маскираните игри се изведуваат, главно, околу пролетниот период, има најмногу забрани во врска со предење, можеме и нив да ги сметаме дека тоа е период на премин од зимски во летен период. Многу често прекршителите на забраните, биле сурово казнувани од женски демонски суштества, во чија

44 Обредите во врска со мечката, и особено нејзиното присуство во празникот Св. Андреј, И. Ковачевиќ, исто го разгледува на релација природа:култура. Особено табуто во врска со изработката на обувки го гледа како супериорност на човекот, која се гледа како супериорност на културата над природата (Ковачевиќ, *Семиологија*,кн. 1, 26-27).

45 Ковачевиќ, *Семиологија,* кн. 1, 23.

46 Chevalier i Gheerbrant, *Rječnik*, s.v. cipela, s.v. stapalo; Betelhajm, Bruno. *Značenje bajki.* (Beograd: Biblioteka Zenit, 1979), 292-295.

47 Ковачевиќ, *Семиологија,* I, 23.

48 *Миф и народа мира,* том 2, Советска енциклопедија. (Москва 1982), 128-130; Душан Бандиќ, *Народна религија Срба у 100 појмова* (Београд: Нолит, 1991), 35-37; Раденковиќ, *Симболика,* 88-91; Александр Гура, „Медвед", во *Словенска митологија. Енциклопедијски речник.* (Ред.) Светлана М. Толстој и Љубинко Раденковиќ (Beograd: Zepter book world, 2001), 352-354.

49 Чаусидис, „Предилката", 98.

50 Димитър Мариновъ, *Народна вяра и народни религиозни обичаи.* СБНУ, XXVIII, (София: БАН, 1914), 81.

51 Ђорђевиќ, *Природа,* кн.1, 259; Бандиќ, *Народна,* 36; Ковачевиќ, *Семиологија,* кн. 1, 16-27.

сфера било предењето[52]. На дивото, асоцираат и некои верувања кај Источните Словени, каде мечката се јавува како *домаќин* на ѕверовите и со тоа станува второ лице на богот на стоката Волос[53]. Земајќи во обзир дека Волос е само хипостаза на древниот индоевропски бог на мртвите – Велес[54], јасна е врската на мечката со „оној свет". Во прилог на поврзаноста на Волос со текстилните дејности, Н. Чаусидис наведува неколку аргументи. Според некои толкувања, во етимологијата на неговиот теоним е содржано значењето на влакно (рус. волос) и волна (макед. волна), врз што се базира и релацијата на овој бог со христијанскиот светител Св. Власиј (срп.; хрв. власи - влакна). На оваа релација, меѓу другото упатуваат и забраните за предење за време на празникот на овој светител, и тоа поради добробит на добитокот[55]. Мечката е на некој начин и господар на болестите како персонифицирани суштества. Оттука и мечката или, пак, нејзини делови (влакна, глава, шепи, заби итн.) наоѓаат голема примена во заштитата на стоката и лекувачките способности, како на стоката така и на луѓето и особено неплодоност на жени или, пак, лекување на деца[56].

Освен празниците поврзани со мечката наречени мечкини празници, св. Андреја (Македонија), како и св. Сава и св. Прокопие (Срби), кои се поврзани со предењето, во оваа група можеме да ги споменеме и Параскева (14. 10), како и последователните празници Митровден и Архангеловден и Мартинските празници сврзани со заштитата на волците (но и мечките) и дивите ѕверови. Така, на Мартинските празници, или Мратинци, кои во најголем дел траат една недела, важела забраната за домашна работа во врска со волната и волнените текстилни производи, како што се: предење, сновање, навивање, ткаење, плетење, шиење, крпење и сл.[57] Понекаде, на пр. во некои козјачки и средоречки села од Шопско-брегалничката етнографска целина (Македонија), напоредно со претходната забрана важела и забраната за орање[58].

Во европски рамки може да се посочи студијата на Paul Sébillot за преглед на табуата за предење и преданијата во текот на годината во некои држави на западна и северна Европа[59]. Во зимскиот период или некако од есен до рана пролет, кој е наменет за предење во различни држави во Европа, наидуваме на дневни или цели периоди кога предењето е строго забрането, и појава на натприродни суштества. Тоа е периодот во

52 Mencej, Mirjam. "Nadnaravne kazni kršitve prepovedi predenja", *Studia Mythologica Slavica,* XV, (2012): 185-196, особено 196.

53 Раденковић, *Симболика,* 89.

54 Раденковић, *Симболика,* 89.

55 Чаусидис, „Предилката", 95-96.

56 Да се види повеќе: Гура, *Симболика,* 169, Гура, „Медвед", 352-354; Ђорђевић, *Природа*, кн. 1, 258, 263; Мариновъ, *Народна*,81; Стефан Тановић, *Срйски народни обичаји у Ђевђелиској Кази.* Српски Етнографски зборник, књ. 40, Друго одељење Живот и обичаји народни, књ. 16. (Београд, Земун: Српска Краљевска Академија, 1927), 263.

57 Зоранчо Малинов, *Традицискӣот народен календар но Шоӣско-бреѓалничка̄та е̄тноѓрафска целина.* Посебни изданија, кн. 68 (Скопје: Институт за фолклор „Марко Цепенков", 2006), 235; Мариновъ, *Народна*, 522.

58 Малинов, *Традицискӣот,* 235-236.

59 Кристено од: Mencej, *Sem vso,* 63.

средозимниот пост – Божиќ-Нова година – 12-те дена, до празникот Свети три крала[60].

Божиќниот период во поширока смисла е разбирлив како премин во новата година. Голем дел од некогашните обреди за крајот на старата и почетокот на новата година е пренесен на празнувањето на покладите. Тоа е и вториот период во кој во Европа била широко распространета забраната за предење. Покладите е период кој е густ со маскирања, додека во Германија и Холандија, маскирањето е на мартиново. По мислењето на некои, тоа почнува на Божиќ или на св. Николај, кога се појавуваат маскирани личности, а по други започнува од свети три краља. Почетокот на покладите е на Свети три краља, кој во средниот век важел за почеток на новата година. А како годината по мислењето на луѓето не била цела, туку составена од два дела, летна и зимска половина, лесно воочуваме два периода на маскирањето: прв (зимски) период е времето околу зимскиот солстиций, вториот е пролетниот покладен период. Маскирањето во 12-те дена е главно задржано кај православните и протестантските делови на Европа, меѓутоа, обичаите најмногу се зачувале во пролетниот период[61]. Во почетокот на пролетта некои празници лесно се гледаат како преломни во лето. Еден од четирите темелни точки во келтската коледарска година е празникот св. Бригит (Saint Brighid's Day), похристијанчен пагански празник Имбола од келтското коледарење кој паѓа на 1 февруари. На овој ден било строго забрането вртења на тркала, но и работа со вретено. На 1 февруари на св. Трифун не предат во Бугарија, и тој ден претставува прв можен ден за почеток на пролетта. Во други европски традиции, таа граница би била

60 Mencej, *Sem vso*, 83. Авторката дава преглед на периодите кога се забранува предењето во различни европски земји. Овој период во Словенија е понекогаш од есен (Штаерска), некаде пред Божиќ или Новата година (Долењско) или, пак, во деновите на Свети Три Краља – 6 јануари (Крањско). Периодот трае различно долго – до 17 март – ден на Света Jedrt /Gertruda во Штаерска или на 19 март (Јожефово) во Долењско. На забрана на предење се наидува на денот на св. Катерина – 25 ноември, св. Никола-6 декември, петокот пред пустна недела. Хрватска – најчесто забрана на денот на св. Луција -13 декември, св. Аполонија – 9 февруари, св. Валентин – 14 феврури, св. Варбара – 4 декември од св. Барбара до сите три крала – 6 јануари, на св. Михаел (Миховил) - 29 септември, св. Катерина - 25 ноември, св. Сесилија (Цецилија) - 22 ноември, св. Антон Падовански - 13 јуни, св. Никола - 6 декември и на св. Винценц (Винсенс Винка) - 22 јануари. Кај Словаци, вакви забрани постојат од денот на св. Луција - 13 декмври до Божиќ; Украинци - св. Параскева – 14 октомври, св. Катерина (Екатерина) -24 ноември ст. к./ 7 декември н.к., на св. Лука - 18 октомври; св. Михаел - 29 септември, св. Димитрија -26 октомври, Свето даровање девице Марије - 21 ноември ст.к./ 7 декмеври н.к., св. Андреја – 30 ноември, на св. Кузман и Дамјан 1/14 ноември итн. (Mencej, *Sem vso*, 63-65). Кај словенските народи забраните може да се каже дека се од Божиќ до Свети три краља, па во периодот на постот, и локални табуи се појавуваат на многу други празници. Во Германија – периодот на забрана на предење од Мартиновего - 11 ноември до свечница -2 февруари. На празници св. Луција - 13 декември, св. Томаж - 21 декември, до сите три краља – 6 јануари, на Андрејево – 30 ноември, апостол Павле -25 јануари. Во Швајцарија важела забрана на божиќната вечер, а во крајот Affoltern pri Hönggu (Цирих) се именува како „последна предилска ноќ". Во Франција не пределе во божиќната недела, во Белгија на божиќната ноќ; Велика Британија – на празникот света преслица (Saint-Distaff day), одн. денот по свети три краља и во 14-те дена на Божиќ, или од Божиќ до првиот ден на новата година; Шкотска – забрана на света ноќ, т.е. на Божиќ; Данска – Божиќ до 1-от ден на новата година; Ирска - 1 февруари на денот на св. Бригита и на 11 ноември - св. Мартина; Шведска – божиќната недела; во Латвија пустната недела, Естонија на денот на сите свети (Mencej, *Sem vso*, 66-69). Според Генеп, забраната е околу божиќниот период; таа може да биде само за Божиќ, за периодот од Божиќ до Новата година, од Божиќ (во Германија од зимската рамноденица 21 декември) до сите три краља но, и од Божиќ до Свечница (католички) – Сретење (православни). Циклусот на 12-те ноќи меѓу Божиќ и св. Три краља, се именува како 12 ноќи или денови, и како што вели Генеп, тој различно се совпаднува: некаде е меѓу св. Катерина - 25 ноември и трае до св. Три краља, некаде од св. Андреја – 30 ноември до св. Три краља, или пак од св. Луција -13 декември до свети три краља; од Божиќ до Нова година, од Божиќ до Свети три краља, но и целосно од Божиќ до Свечница (spored Arnold van Gennep, *Le folklore français*, Vol 3 (Pariz: Robert Laffont, 1999, p. 2308-9, vo: Mencej, *Sem vso*, 69-70).

61 Mencej, *Sem vso*, 70-72.

свечница – 2 февруари, ден кој наводно означува прв можен почеток на пролетта, но и почеток на втората половина на зимата[62].

Како што гледаме, верувањата и обичаите од паганската Нова година по примањето на христијанството се пренесени на Божиќ и Нова година, празник на Светите три крала и покладите[63]. Сите тие различни празници кажуваат дека делењето на годината може да се разбере во различни рамки – неговиот темелен премин е периодот околу зимскиот солстиций, а границата меѓу двата годишни периода (зима и лето) паѓа околу 1 ноември и 1 мај[64]. Ова би било и во согласност со делењето на двата годишни периоди кај најголем дел од балканските народи, како и кај Македонците, дека зимскиот период почнува од Митровден, а летниот од Ѓурѓовден. Според ова, празниците кои ја имаат улогата на граници, премини за кои, исто така, е сврзана забраната за предење, можеме да ги гледаме како припадност на двата света, но нив ги гледаме и како повторно создавање, почнување нов живот, односно поврзани се со плодоносниот принцип, кој во многу европски митологии и фолклор им е доверен на женски натприродни суштства. Во европскиот фолклор, најчести се Pehtra, Holle, Bergda, Berchta, Bertha, и со најголема концентрација се појавуваат во средозимниот, дванаесетдневен период, т.е. во одредени денови од овие дванаесет дена. Тоа се Божиќ, на последниот ден на старата година, околу Новата годинана 5 јануари, или пред Светите три крала на 6 јануари.[65]

Во христијанизирана форма, предењето им е доверено на женските светици, особено на св. Петка/св. Параскева, но и на Богородица и св. Недела. Св. Петка се јавува како заштитник на родилките, нивните деца, а особено на некрстените деца[66]. На релацијата Св. Петка – предење - волна - влакна - коса – текстил, во народните традиции упатуваат и некои обележја типични за хтонски женски демонски ликови. Во 19 век, во украинските ритуали неа ја застапувала жена која за празникот на оваа светителка била водена низ селата, соодветно костимирана и со разбушавена коса. Доминатни функции на оваа светителка во рамките на народните традиции се предењето и шиењето, кои најчесто се манифестираат преку забраните за практикување на овие активности во петок, т.е. денот посветен на неа. Оваа функција ја одразуваат и релациите на Св. Петка со косата и воопшто, со влакната, манифестирани преку расплетената коса на жената што ја застапувала во обредите, како и преку забраните, на нејзиниот ден жените да ја чешлаат својата коса. Се верувало дека оние жени кои не ги почитуваат овие табуа, всушност, ја бодат Св. Петка со своите вретена, ја предат нејзината коса и ѝ ги полнат очите со пуздер (конопни и ленени иверки). На

62 Mencej, *Sem vso*, 73.

63 Belaj, Vitomir. *Hod kroz godinu. Pokušaj rekonstrukcije prahrvatskoga mitskoga svjetonazora.* (Zagreb: Golden marketing – Tehnička knjiga, 1998), 122.

64 Emily Lyle, "The Indo-European ritual year as a two-phase cycle, including a period of reversal" in: *Space and time in Europe: East and West, Past and Present*. (ed.) Mirjam Mencej, Županičeva knjižnica 25, (Ljubljana: Filozofska fakulteta, Oddelek za etnologijo in kulturno antropologijo, 2008), 16-18.

65 Mencej, *Sem vso,* 84. Авторката ги посочува натприродни суштества што го надгледуваат предењето во Словенија, Австрија и Германија: *Spinnstubefrau,* zlasti Pehtro, Perhto, Pehtro, babo, Pehtrno, Pirto, Pehto, Percht, Berchto, Bergdo, во Германија се именувала Frau Holle ili Holda, Stampe, Stempe ili Stempa, во Швајцарија Frau Saelde, итн. Нико Курет за словенечкиот терен, ги поистоветува овие суштества со оние што таму се познати под други имиња, на пример, Kvatrnica, Zlato babo, Torko, Torkljo, итн. Кај Италијанците – Befana, Французите – Tante Airie, кај Лужичките Срби во 12-те дена навечер одела Murawa (Morawa, Mora). Св. Луција – во Чешка, Моравска и Словачка, во источна Словенија. Таа е заштитничка на предилките во северна Хрватска, редко во средна Хрватска и уште поретко во јадранскиот дел, потоа во некои краеви во Босна и во Војводина (Mencej, *Sem vso,* 76, 81).

66 Ели Лученска, *Култот на христијанските светци во Македонија. Историја и традиција* (Прилеп: Институт за старословенска култура, 2010), 115.

оваа светителка и бил посветен 14 октомври, нарекуван уште и Параскева - љуњаница или Параскева – трепаљница. Тој ден, всушност, започнувал процесот на обработка на ленот и подготовката на ленената преѓа, а вечерта се организирало и колективно предење[67]. Блискоста на оваа светителка со другите погоре прикажани ликови ја одразуваат и нејзините релации со мечката и со Мокош[68], бидејќи исто како и Мокош, но и на други женски божества (dies Veneris, Vendredi, Freitag, Friday) и на св. Петка ѝ е посветен петокот[69], петтиот ден од неделата, кога постојат разни забрани во однос на работата, а на оваа врска упатуваат и празнувањата во русалската недела (особено среда и петок) како женски денови/самовилски празник, што упатува дека самовилите биле снижени женски божици на смртта[70]. Иако досегашните истражувања во македонскиот фолклор со сигурност не потврдуваат кое претхристијанско божество го наследила св. Петка, култот кон св. Петка е непосредно сврзан со женската домашна дејност – предење, шиење, ткаење, плетење[71] и со звучната идентификација на петокот како ден од седмицата[72].

Наведените дејности – забрана за работа на женски дејности, христијанската светица св. Петка, ја сврзуваат со архаичните ликови на хтонските женски божества на подземниот свет и на плодноста, чија заедничка карактеристика на сите индоевропски божества е осветољубивост и свирепост[73], што ја гледаме и во народните претстави дека св. Петка е тежок празник и придружен со многу забрани за работа. Карактеристиките на плодноста на оваа светица, освен во поглед на женските дејности, ги гледаме и во фактот, што на мажите им било забрането орање на земјата во петок[74].

На врската на св. Петка/св. Параскева, со стоката но, и со мечката, волната, упатува и празникот на св. Параскева (14. 10), кој е тесно поврзан со последователните празници Митровден и Архангеловден и Мартинските празници сврзани со заштитата на волците (но и мечките) и дивите sверови. На хтонската врска на св. Петка (зимска) (27.10.н.ст.-14.10. ст.ст.) може да се надоврзе и започнувањето на зимските семејно-родови слави и курбани посветени на светците – заштитници на родот и семејството, од каде и поговорката Света Петка прва слуга. Со ова светицата ги прима функциите на чувар на домот, на родот и на семејството и покровител на прадедовците, кој ги испраќа душите на оној свет[75].

Во Западна и Средна Европа, еквивалент на Св. Петка е Св. Берта чие име, според некои толкувања, се поврзува со коренот ber – кој и денес, во повеќе јазици е содржан во

67 Е.Левкиевская и Светлана Толстая, „Параскева Пятница“ во: *Славянские древности. Этнолингвистический словарь*. (Ред.) Никита Толстой (Москва: Международные отношения, 1995), 631; Светлана Толстој, „Петак“ во *Словенска митологија. Енциклопедијски речник.* (Ред.) Светлана М. Толстој и Љубинко Раденковић, (Beograd: Zepter book world, 2001), 423-425; Чаусидис, „Предилката“, 102-103; Јелена Јанковић, „Персонификација ‘Петка’“ во *Балканскиот фолклор како интеркултурен код II/ Bałkański folklore jako kod interkulturowy II*. (Ур.) Весна Петреска и Јоанна Ренкас (Скопје-Познањ: Институт за фолклор „Марко Цепенков“ и Институт за словенска филологија, Универзитет „Адам Мицкјевич“, 2015), 238.

68 Чаусидис, „Предилката“,102.

69 Соња Зоговиќ, *Општеството и народната култура на Македонија во раниот среден век* (Прилеп: Институт за старословенска култура, 2002), 153-162; Толстој, „Петак“, 424.

70 Нина Анастасова-Шкрињариќ, *Словенски пантеон. Словенскиот политеизам – PRO et CONTRA (фолклористичка дискусија)* (Скопје: Менора, 2004), 260.

71 Vitomir Belaj, *Hod kroz godinu. Pokušaj rekonstrukcije prahrvatskoga mitskoga svjetonazora.* 2. Izmenjeno i dopunjeno izdanje. (Zagreb: Golden marketing – Tehnička knjiga, 2007), 381.

72 Луческа, *Култот,* 115.

73 Анастасова-Шкрињариќ, *Словенски,*189.

74 Луческа, *Култот,* 116.

75 Луческа, *Култот,* 119.

лексемите кои означуваат мечка. Во прилог на ваквиот карактер на Св. Берта можат да се земат и нејзините релации со тука наведените функции (текстилни дејности, демонски изглед и својства), а меѓу другото и престој во пештери[76].

Но, покрај св. Петка, и другите две светици Богородица и св. Недела, во јужнословенските и словенските земји се придружени со предењето, слично, како што и на нивните денови важат забраните за работите од женски домен[77]. Всушност, тројни структури се особено значајни и за културната историја на праиндоевропјаните, тие се својствени и во обредите, а се присутни и во религиските народни верувања за христијанските светици, па затоа можат да постојат и повеќе свети личности, три божествени личности[78].

Јасно е дека во народниот календар „забраните за предење“ и казните кон прекршителите се јавуваат во периоди на премин од еден временски период во друг. Оваа состојба е констатирана и во европски рамки. Сите празници во кои наидуваме на мотивот предење, носат обележје на прелом, премин, преминот меѓу старата и новата година, помеѓу зима и лето, помеѓу старите и новите земјоделски работи, што имплицира влез на оностраното –приод на душите на мртвите, коишто најчесто се претставени во демонски натприродни суштества[79].

Врз основа на претходно изнесеното, може да се забележи дека мотивот предење, во балканските народни култури, освен што е сврзан со плодоносната функција и брачната симболика, исто така може да се сврзе со обредите на премин. Преминот е изразен како на индивидуално ниво, во животниот циклус обичаи, при преминување од една состојба во друга. Ова особено доаѓа до израз, во породилните обичаи, на третата вечер при определувањето на судбината на детето. Судбината ја определувале наречниците, кои го „пределе конецот на животот“. На „предењето“ на конецот, можат да се надоврзат и обредите при лекување, каде многу често мотивот предење се споменува во самите баења, но, исто така и при врзување на конци од болниот на определени простори или растенија што конотираат со другиот свет. Предењето сврзано со преминување во нова етапа, го видовме и при заучувањето на девојчињата на домашните работи – предење, ткаење, плетење, везење. Ова можеме да го поврземе и со иницијациските обреди, кога девојчињата се одделувале во специјално приготвени места „куќарици“, каде тие ги „учеле“ овие активности. Мотивот „предење“ е сврзан со преминување од еден во друг временски период во календарот, а се манифестира со забраните за предење. Досегашните истражувања на европскиот фолклор, покажуваат дека различните празници укажуваат дека делењето на годината може да се разбере во различни рамки – нејзиниот темелен премин е периодот околу зимскиот солстиций, а границата меѓу двата годишни периода (зима и лето) паѓа околу 1 ноември и 1 мај. Во балканските народни култури, со особен нагласок на македонската народна култура, забраните за женски работи се особено застапени во периодот на некрстените денови 7.01.-18.01 (н.к.), Трипунова сестра или Овча Богородица -15.02 (н.к.), Средопосната недела, периодот меѓу Големата и Малата Богородица 28.08-21.09 (н.к.), периодот од Митровден и Архангеловден и Мартинските празници – 8. 11-21.11-24.11[80]. Јасно е дека периодот од некрстените денови кон следниот празник поврзан со забраната за предење – Трипунова сестра или Овча Богородица е сврзан со преминот кон ранопролетниот обреден комплекс, во Средопосната недела имаме преод кон пролетниот и летниот обреден

76 Чаусидис, „Предилката“,102-103.

77 Да се види: Левкиевская & Толстая, „Параскева Пятница“, 631; Толстој, „Петак“, 424.

78 Да се види повеќе: Belaj, *Hod kroz godinu,* (2007), 35, 386-389.

79 Mencej, “Nadnaravne”, 196.

80 Малинов, *Традицискѝоӣ,* 241, 256, 261, 277, 282.

комплекс. Ова јасно говори дека зимскиот период, според народните сфаќања, е поделен на два дела, дел околу зимскиот солстиций, приближно до крајот на јануари, и вториот, со различни варијации зависно од предели - околу почетокот на февруари, некаде и до март. Периодот околу Големата и Малата Богородица можеме да го гледаме како преод кон есенскиот обреден комплекс, додека со Митровден и последователните празници - преод кон зимскиот обреден комплекс. Празниците кои ја имаат улогата на граници, премини, за кои е сврзана забраната за предење, можеме да ги гледаме како припадност на двата света, но нив ги гледаме и како повторно создавање, почнување нов живот, односно поврзани се со плодоносниот принцип, кој во многу европски митологии и фолклор им е доверен на женски натприродни суштства. Во христијанизирана форма многу од овие празници се посветени на св. Петка, Богородица и св. Недела, кои се поврзани со предењето и за многу од нив важи забраната на работа на текстилни производи.

SUMMARY

THE "SPINNING" AND SPINNERS OF BALKAN FOLK CULTURES AND SOME PARALLELS WITH EUROPEAN CULTURES

Vesna PETRESKA

In the Balkan folk cultures, the motive of "spinning" is connected to the fertility, the marital symbolism, and the rites of passage as well. The passage is represented at the individual level, in the life-cycle customs and the passage from one state to another. This particularly is evident in the birth rites, when on the third night of the child's birth his/her's fate is being predicted. The child's fate was determined by the fairies that "spun the thread of life". Also, the healing customs can be attached to the motive of the spinning of the thread, since the spinning motive was present in the incantations, while tying laces of the ill person in a certain areas or plants that corresponded to the other world.

The spinning that is related to the passing to a new phase is noticeable also in the girl's apprentices' household chores – spinning, weaving, knitting and embroidery. This is connected to the initiation rites, when girls were separated in a specially prepared places "kukjarici", where they "mastered" these activities. The spinning motive is related with the passage from one to another time period in the calendar. This indicates prohibitions of women's household chores that are particularly prevalent during the period of the unbaptized days 7. 01-18. 01 (new calendar), "Trifunova sestra" ("St. Trifun's sister"), or "Ovcha Bogorodica" ("Mother's sheep of God") – 15. 02 (new calendar), Mid-lent week, the period so called "between two Mothers of God" -28.08-21.09 (new calendar), the period from "Mittrovden" (St. Dimitri's day) to the "Arangjelovden" (St. Michael the Archangel) (21. 11) and on "Martintsi" (Holiday of the Wolves) – 8.11.-21.11-24.11. The prohibition of spinning is evident in the following time passages and complexes in the Macedonian traditional calendar: the period of the unbaptized days until the next holiday "Tripunova sestra " ("St. Trifun's sister") or "Ovcha Bogorodica " ("Mother's cheep of God") that represents the transition into the early spring ritual complex, on Mid-lent week the transition is noticeable from the spring to the summer ritual complex, the period around "Between two Mother's of God" can be seen as a transition to the autumn ritual complex, while St. Dimitri's day and the following holidays are transition to the winter ritual complex.

Key words: spinning, mythical female beings, folk calendar, wool, spindle, staple.